Уп. бр. 08-103

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Боскар д.д. со седиште на ул.града Вуковара 23, Загреб, Хрватска и Регал -Трговина д.о.о со седиште на ул. Стефана Ковача 10, Мурска Субота, Словенија, преку Јосиф Филиповски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 22.07.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Боскар д.д. со седиште на ул.града Вуковара 23, Загреб, Хрватска и Регал -Трговина д.о.о со седиште на ул. Стефана Ковача 10, Мурска Субота, Словенија преку своето зависно друштво ФФП Меат Дивисион д.о.о, со регистрирано седиште на ул. града Вуковара 23, Загреб, Хрватска, имаат намера да стекат контрола врз ПИК Врбовец плус д.о.о друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на ул. Загребачка 148, Врбовец, Хрватска, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 23.06.2026 година, а дополнето на 01.07.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација од Боскар д.д. со седиште на ул.града Вуковара 23, Загреб, Хрватска и Регал -Трговина д.о.о со седиште на ул. Стефана Ковача 10, Мурска Субота, Словенија, со која Боскар д.д. и Регал -Трговина д.о.о, преку своето зависно друштво ФФП Меат Дивисион д.о.о, со регистрирано седиште на ул. града Вуковара 23, Загреб, Хрватска, имаат намера да стекат

контрола врз ПИК Врбовец плус д.о.о друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на ул. Загребачка 148, Врбовец, Хрватска пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ФФП Меат Дивисион д.о.о** е под заедничка контрола на БОСКАР д.д. и РЕГАЛ- Трговина д.о.о. Согласно Договорот за купопродажба на удели, ФФП Меат Дивисион стекнува 100% сопственички удел во ПИК Врбовец д.о.о., Соодветно на тоа, БОСКАР д.д. и РЕГАЛ-Трговина д.о.о, ќе стекнат заедничка контрола врз ПИК Врбовец д.о.о.

1. **Боскар д.д.**

**Боскар д.д.** е матично друштво на Боскар Инвест (Bosqar Invest) Групацијата. Боскар Инвест работи преку четири главни деловни вертикали:

-BPTO (надворешно доверување на деловни процеси и технологија - outsourcing), под брендот Мплус (Mplus),
-HR (услуги за управување со човечки ресурси), под брендовите Манпоуер (Manpower) и Воркплејс (Workplace),
-е-трговија, под брендот Еплус Вентурес (Eplus Ventures), и
-прехранбен сектор.

Во Република Северна Македонија, Боскар д.д. остварува приходи во областите на надворешно доверување на деловни процеси и технологија, услуги за човечки ресурси и прехранбен сектор.

Во областа на надворешно доверување на деловни процеси и технологија, Боскар д.д. делува во Северна Македонија индиректно преку своите клиенти.

Во областа на услуги за човечки ресурси, Боскар д.д. работи преку своите поврзани друштва регистрирани во Република Северна Македонија, и тоа:

1.Друштво за посредување и услуги ВОРКПЛЕЈС ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. „Партизански одреди“ бр. 15А/1-3, Скопје, со регистрирана дејност 84.130 – регулирање и давање помош за поуспешно деловно работење и

2.Приватна агенција за вработување ВОРКПЛЕЈС ПОСРЕДУВАЊЕ И ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ Скопје, со регистрирано седиште на бул. „Партизански одреди“ бр. 15А/1-3, Скопје со регистрирана дејност 78.200 – дејности на агенции за привремено вработување и друго обезбедување човечки ресурси.

Во прехранбениот сектор, вклучувајќи трговија на големо со месо и производи од месо, Боскар д.д. остварува приходи преку друштвата Панвита Агромеркур д.о.о и Панвита Мир д.д., кои се контролирани од Панвита Холдинг и заеднички контролирани од Боскар д.д. и Регал –Трговина д.о.о.

Во Република Северна Македонија друштвата Панвита Агромеркур д.о.о и Панвита Мир д.д., Производите на Панвита се присутни на пазарот на непреработено пилешко месо (свежо и замрзнато), преработено пилешко месо и преработено свинско месо.

2. **Регал - Трговина д.о.о** не врши оперативни деловни активности и приходите ги остварува исклучиво од дивиденди.

Во Република Северна Македонија, Регал – Трговина д.о.о нема регистрирани подружници, но остварува приходи преку друштвата Панвита Агромеркур д.о.о и Панвита Мир д.д. кои се контролирани од Панвита Холдинг и заеднички контролирани од Боскар д.д. Во Република Северна Македонија , како што е погоре наведено, производите на Панвита се присутни на пазарот на непреработено пилешко месо (свежо и замрзнато), преработено пилешко месо и преработено свинско месо.

3. **ПИК Врбовец плус д.о.о.**

ПИК Врбовец плус д.о.о., се занимава со производство, продажба и дистрибуција на свежо црвено месо и преработени производи од месо во Хрватска и регионот.

Во Република Северна Македонија, ПИК Врбовец плус д.о.о. е присутен на пзарот на непреработено свинско месо (свежи и замрзнато) и преработено свинско месо.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**